# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 29.11.2024 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 10 - Година 2024** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за времен престанок со работа на ПУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево во с.Панчарево, општина Пехчево;
2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП);
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2024 година;
4. Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево;
5. Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2025 година;
6. Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025-та година;
7. Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево;
8. Одлука за давање на користење недвижна ствар - канцеларија во Туристичко информативен центар - Пехчево, на Локален младински совет Пехчево;
9. Одлука за прифаќање на донација (две маси за играње на пинг-понг) од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип;
10. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година;

**11.** Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево, за 2025 година;
**12.** Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година;
**13.** Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, за 2025 година;
**14.** Програма за управување со отпад на општина Пехчево, за 2025 година;
**15.** Програма за работа на општински комунален инспектор, за 2025 година;
**16.** Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 год;

Бр. 09-1441/1
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за времен престанок со работа на**
**ПУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево во с.Панчарево, општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за времен престанок со работа на ПУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево во с.Панчарево, општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/2
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02, 202/24), член 28 став 3 од Законот за основното образование (Сл.Весник на РСМ бр.160/09 и 229/20), член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021) и добиената согласност од Министерството за образование и наука бр.12-10840/2 од 04.11.2024 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 29.11.2024 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за времен престанок со работа на ПУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**
**во с.Панчарево, општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука, времено престанува со работа ПУ „Ванчо Китанов„ во с. Панчарево, општина Пехчево, поради немање на доволен број на ученици.

**Член 2**

Учениците кои во моментот се запишани во ПУ „Ванчо Китанов„ во с. Панчарево, ќе продолжат со настава во објектот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево.

**Член 3**

Одлуката се доставува до Службен весник на РСМ и Централен регистар на РСМ.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1424/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/3 — Општина Пехчево
29.11.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018 и ″Службен весник на Република Македонија на РСМ бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022 и 170/2024), член 4 од Законотза јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 88/08, 35/11и 139/14 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 151/21) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02, 202/24), Советот на Општина на 31-та седница одржана на 29.11 2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до **3.078.851 денари**, при што 2.463.081 денари се средства од под-заем (во висина од 80% од вкупната инвестиција), додека 615.770 денари се грант средства (во висина од 20% од вкупната инвестиција). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен проект **Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево, КП 1068 и КО Пехчево за спроведување на мерки за енергетска ефикасност.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, финансиран со заемод Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, под следните услови:

- Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со фиксен распон

- Грејс период: максимум до  1 години
- Рок на отплата: максимум до 6 години
- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од30.09.2031 година

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-1425/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/4
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ на бр.05/2002, 202/24), а во врска со член 34 за Закон за буџети Службен весник на РСМ бр.64/2005,04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010,180/2011, 171/2012,192/5 и 167/2016) и Службен весник на РСМ бр.151/2021,203/22), Советот на Општина Пехчево на триесет и првата седница одржана на ден 29.11.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Пехчево за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 423310 | Униформи | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 63.000 | 0 | 0 | 0 |
| **VA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0 | -73.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2024 година.

Бр.08-1426/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/5 Општина Пехчево
29.11.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02, 202/24) член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Никола Каракашов се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево;

Јасмина Матевска се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево;

За нови членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево се именуваат:

- Николина Каракашова - Пехчево
- Душко Миовски - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1427/1 Совет на општина Пехчево
29.11.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/6 Општина Пехчево
29.11.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002, 202/24) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година бр. 03-82/3 од 21.11.2024 е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1428/1 Совет на општина Пехчево
29.11.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**Програма за работа на**
**ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 год**

Вовед
ична карта на домот

Градот Пехчево се наоѓа на источниот дел на Република Северна Македонија на надморска височина од над 1000 метри.
Домот на културата „Јане Сандански„ се наоѓа во центарот на градот.
Постои од 17.03.1975 год.и како центар на културата тука се случувале сите културни збиднувања од нашиот град.Нашиот град Пехчево секогаш имал богата културна традиција која до ден денес се негува и успешно реализира.
Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево е институција од јавен карактер од обласа на културата и главен двигател на сите случувања од областа на културано забавниот живот во Општина Пехчево.
Работата на Домот на културата се базира врз база на проекти и програми подржани од Министерството за култура,од активности реализирани од страна на Домот на културата ,од активности и соработка со Општината и другите институциии во градот,и пошироко.
Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево од 1.07.2005 год.според законот за култура (службен весник на Р Северна Македонија има статус на локална установа.
Токму затоа сите активности кои се реализираат се во непосредна корелација со Општина Пехчево.Да се следат новите трендови на културата во модерниот свет, духот на новото време кои се реална потреба на населението,притоа да се опфтати зачувувањето на идентитетот на македонската култура и традиција претставува предизвик за секој културен работник.
Ова претставува потреба од менаџирање на веке постоечките материјални капацитети на Домот на културата со нивно целосно ставање во функција на културните потреби на локалното население.
Со голема флексибилност во искористување на овие капацитети може да се постигне многу на културен план ,и да се подигне нивото на културната свест кај народот.
Домот на културата е институција од отворен тип,отворена за соработка со сите институции од областа на културата ,образованието и науката,НВО секторот и сите оние кои се подготвени за соработка.
Во склоп на домот на културата секогаш постои културно уметничко друштво „Јане Сандански„Пехчево кое брои околу 50 члена.
Оваа година поради неможност на пронаогање кореограф од нашиот град ,активноста со играорната беше прекината.
Се надеваме дека во догледно време ке се пријави некој и ке ја продолжиме работата со КУД„Јане Сандански’’Пехчево.
Се изведуваaат театарски претстави од деца ученици од нашето основно училиште„Ванчо Китанов„ Пехчево,Претстави изведени од деца од градинката „Седми Септември,и разни други настани.
Соработката со овие институции е взаемна бидејки тие ,и ние како дом на културата не можеме сами да функционираме ,туку со заедничка соработка и труд можеме да го оствариме се она што ни е замислено ,се со една цел подигнување на културното ниво, моралот кај нашите граѓани кои можат само да се гордеат со успесите кои ги оствaруваме секако во соработка со сите граѓани во нашиот град. Организираме изложби од реномирани ликовни уметници,организираме самостојни изложби,организираме ликовен хепенинг во природа ,културен хепенинг во играње шах и табла,разни работилници во текот на целата година со наставници и ученици од Пехчево,музички настани,промоција на книги, и ред други активности во зависност од финансиите и од желбата на учесниците .

Имаме соработка со други културни уметнички друштва од нашата земја ,па и од странство ,која покана ке ја искористиме во зависност од можноста на финансиските средства.
Во својата досегашна работа ,домот на културата има добиено многу награди,пофалници за учество на фестивали во нашата земја ,па и во странство.

**-Услови за работа материјално технички**

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево е лоциран во центарот на градот Пехчево на ул.,,Маршал Тито бр.1.
Работата на домот на културата се одвива во еден објект,и тоа
а) зграда со вкупна површина од 540 м2 во која има канцеларија за директор со тараса ,помошна канцеларија ,зелена соба за преслекување на играорците ,гардероба,кои се наоѓаат на спратот горе.
Потоа има кино сала во која се одржуваат манифестациите,која е реновирана 2005 год.со црвени столици и е во добра состојба.
Вкупно можат да се соберат 180 луѓе.
Во зградата на првиот спрат се наоѓа матична библиотека ,,Кочо Рацин,,која е посебно од домот на културата.Во близина на домот се наоѓа маркет Кит Го ,плоштад Св Петар и Павле,и ресторант.
2009.год.беше реконструиран покривот на домот 2010 год сменет прозорец на помошната канцеларија и ставен ламинат на истата,доле во влевот се излепени плочки и сменета врата ,купени звучници за потреби на домот и мн други неопходни работи направени кои се неопходни за успешно извршување на работните задачи.2019 е извршена реконструкција на еден зид во кино салата,2020 реконструкција на друг зид во кино салата.Извршена е замена на 2 алуминиски врати ,горе на спрат ,влез во канцеларија и влез во кино сала.2021 год е извршено порамнување на балконот во кино салата со дрвени плотни и ставено е ламинат.2022 год ходникот пред влезот на кино салата е реконструиран и премажан со лепак,мрежа и абрид.2023 год надворешната тераса е залепена со плочки,и ставена е кована ограда на тераса поради заштита ,офарбана дрвенаријата пред влезот на домот и терасата.

**-Расположиви ресурси во домот**

Материјално технички ресурси

**Опрема**

| ОУДК,,Јане Сандански,, | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Просторија која се користи како | Канцеларија | Помошна канцеларија | Гардероба | Зелена соба | Кино сала | Тера са |
| Опременост со аудио визуелни и технички средства | Кино сала прожектор | звучници | печатач | двд | Компј Утер Лап топ | LCD |
| Носии женски и машки | 24 | | | | | |
| опинци | 15 | | | | | |

**Простор**

Просторните услови во домот на културата се добри одговараат на потребите на домот.
Во кино салата се одржуваат театарски претстави,манифестации,салата е акустична со 180 седишта и ги задоволува потребите на домот.
Располагаме со канцелариски простор,кино сала за одржување на манифестации и прожектор кој не е во употреба.

**2.Финансиски ресурси**

Од аспект на финансиски ресурси ,покрај средства што добиваме од културата преку државниот буџет,и од разни проекти имаме помош и од локалната самоуправа,спонзорства од бизнисмени,од закуп ,организирање на театри,откуп и продажба на слики од ликовна колонија и др.

**3.Човечки ресурси**

3.1 Вработени

| Ред.бр | Име и презиме | пол | возраст | стаж | Стручна подготовка | Работно место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Веселинска | ж | 58 | 26 | Високо образование | директор |
| 2. | Љупчо Павловски | м | 47 | 21 | ссс | Домар хигиеничар |

**4.Ресурси во опкружување**
Во непосредна близина се наоѓа Матична библиотека ,,Кочо Рацин,,црква ,,Св Петар и Павле,, супер Кит Го ,кафич,а во поширокота околина Општина Пехчево,Здравствен дом, Стопанска банка,ОО.У,,.Ванчо Китанов‘‘, детската градинка ,,Седми септември,,

**-Културни и образовни установи**
Општинска установа Дом на култура ,,Јане Сандански,,Пехчево ,Основно Училиште,,Ванчо Китанов,,градинка ,,Седми Септември,,со кои установи во корелација и соработка успешно ги реализираме сите активности предвидени во годината,се со цел да се доближиме до децата и граѓаните на Пехчево и да им овозможиме издигнување на културно и образовно ниво.

**-Невладини организации**
Еколошко друштво,ОЖП Пехчево, Здружение на Пензионери Пехчево, Здружение на роми.

**Професионални здруженија**
Здружение на земјоделци, здружение на занаетчии, Стопанственици Здружение на пензионери,

**-Трговски друштва**
Мали претпријатија,средни претпријатија ,

**-Медиуми**
Медиумската покриеност на нашата територија нема, по потреба повикуваме медиуми од Делчево и Берово или ангажираме лице за снимање и сликање од страна, доколку не сме во можност за тоа се снаогаме сами, за сликање и снимање.

**МИСИЈА**
***Создаваме културна навика и љубов кон уметноста ,традицијата фолклорот.***

**МОТО**
***Гледај ,Учествувај,твори ,играј ,пеј и сето тоа ке ти овозможи културно издигнување.***

**ВИЗИЈА**
***Сакаме кај децата да го издигнеме културното ниво,да ги откриеме нивните таленти,да им ја пренесеме љубовта кон Етно музиката,фолклорот,љубов кон танцот и орото ,љубов кон старите носии кои го претставуваат нашиот крај ,чување на музејското богатство и одржување.***

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДОМОТ Н А КУЛТУРАТА

| Орган на раководење |
|---|
| Директор |

| Орган на управување |
|---|
| Управен одбор<br>Брои 5 члена-1 од домот<br>1 од локалната самоуправа<br>3 истакнати уметници |

**Организација на работата на домот**
Во текот на целата година организацијата на Домот на културата „Јане Сандански„се состои од постојана организирање на културно уметничка програма по повод православните празници.
Го одбележување на 8 Март „Денот на жената‘‘, организираме културен хепенинг во играње шах и табла, одржување на јавни трибинина невладини и владини организации, организирање на манифестации од ОО.У.„Ванчо Китанов‘‘ и детската градинка „Седми септември‘‘- Пехчево во соработка со домот мултимедијални претстави, театарски претстави за деца и возрасни, промоција на книги, културен и ликовен хепенинг, пантомима и акробација, театар за деца и возрасни , изложби на реномирани уметници,изложби на самостојни уметници, учество на ,,Етно саем‘‘ во организација на Општина Пехчево, музички настани,редовно ги подржуваме сите манифестации организирани од Општината со дечиња облечени во носија кои држат погача за дочек на гости, редовно распишуваме ликовни и литературни конкурси на резлични теми а со цел одбележување на некој значаен датум. Соработуваме со повеке градови низ нашата држава ,и ги поканубаме како наши гости да дојдат и да се претстават пред нашата публика.

**Годишна програма на домот на културата за 2025год.**
Музички настан (концерт)по повод престојните празници ) .
Театар за деца
Трета изложба на книги ,саем на книги во зависност со договарање на литературните издавачи.
Година ја почнуваме со изложба на карикатури од Виница In Veritas Vinica

Ке учествуваме на „Зелникот на баба ‘’ Пробиштип .

Ден на вљубените,настан кој младите го слават ,а лозарите го величат.

Пишување на песни,дружење и забава ...
8 март 2025 ,изработка на честитки,цртање на штафелаи, пишување на песни,креативна работилница изработка на цвеке со овошје и зеленчук,по повод 8 март.
Детска театарска претстава ,во соработка со градинката и ООУ,,Ванчо Китанов.

Велигденска работилница,изработка на Велигденски јајца.

Изложба Цвеке 2025 год во Струмица.

УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИЧКИ СРЕДБИ ЦВЕКЕ 2025 ГОД СО НАШИ УЧЕНИЦИ ОД ООУ,,ВАНЧО КИТАНОВ''Пехчево со свои цртежи,цртање на хамер и пастел бои.

Театарска претстава за возрасни.
Имаме соработка со сите детски театри ,театри за возрасни, музички групи,акробати,пантомими, циркузи,и други ,во нашата земја ,со кои можеме да се договориме да присустуваат во нашиот град .

Посета на музеј со ученици од нашето училиште,ширум нашата земја.

Посета на едукативен центар Негрево .

Завршна програма од училиште во соработка со домот на културата ,,Јане Сандански''Пехчево.Проби во салата во домот на културата,соработка со наставниците и учениците.

Петровден и Павловден празник на градот.Во соработка со Општина Пехчево ке поканиме некое културно уметничко друштво.

Играње на шах и табла културен хепенинг, доделување на пофалници и дипломи на учесници од страна на директорката на домот на културата.
Развивање на дружба,колективен и борбен дух,средба на млада и возрасна генерација.,потик за учество и соработка со домот на културата.

Организираме ликовен есенски хепенинг,на кој учество земаат повеке деца ,кои цртаат на терасата ,и на крајот се избира најубав цртеж,и од страна на директорката им се доделуват благодарници за учество.

Посета на лица со посебни потреби и одржување на работилница во домот на културата,со изработка на разни активности.

Самостојна изложба на повеке уметници од земјата ,па и од странство.
Изложбата трае по една недела и во соработка со ученици и наставници од основното и средното училиште во групи ,прават посета на изложбата ,и се држат едукативни часови од страна на наставниците.

Учество на ученици со гитари од музичките школи, и од страна на домови на културата.

Лесновска ликовна колонија,друга изложба преземена од Делчево,Виница ,Берово,и од други градови во државата.

Положување свежо цвеке пред бистата на плоштадот од страна на делегации и Општина Пехчево,и одржување на свечена седница

Пантомима,акробација,настап кој секогаш ги воодушевува децата па и повозрасната публика.
Соработка со повеке театри ширум земјата  и покана од наша страна во зависност  од договорот и финансиите.

Театар за деца и возрасни  од Кичево ,Скопје ,Демир Капија ,Штип,или некој друг град ,соработка и размена на искуства и мислења со сите институции од културата.

Имаме дадено согласност на неколку физички лица ако им се одобри проектот од културата да можат да учествуваат во нашиот град  се со цел развивање на соработка со други установи и центри ширум нашата земја.

Домот на културата Јане сандански‘‘Пехчево има  страна ,и ако нешто повеке сакате да знаете и да видете што работи домот на културата,кои настани ги прави  слободно погледајте  , а може и да дојдете во нашите простории, ние секогаш сме расположени за соработка и секој е добредојден.

Изработил:

ОУДК„Јане Сандански„
Пехчево
Директор
Валентина Веселинска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025-та година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025-та година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/7
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02, 202/24) член 5 од Законот за управување со кризи („Сл.Весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Сл.Весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл.Весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 215/21) и член 12 точка 10 и член 30 точка 10 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025$^{та}$ година**

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, секциите во училиштата за млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби, општина Пехчево во 2025$^{та}$ година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани –екипи, одделенија)
- Комисија за процена на штети од елементарни и други непогоди на територијата на општина Пехчево

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Пехчево со доброволните противпожарни друштва и секциите во училиштето за млади пожарникари

**1. ЦЕЛИ**

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, на отворен простор, поплави, сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба,
- Создаввање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

**2. АКТИВНОСТИ**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Пехчево преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обесбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Пехчево и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување, превенцијата и справување со кризни појави, дејствувањето, доброволното противпожарно друштво и Секциите во училиштето за млади пожарникари, Територијалната противпожарна единица (со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од:

- Средства од буџетот на општина Пехчево и Републичкиот буџет,

Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид на несреќи.

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на општина Пехчево | 150.000,оо денари |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори, донации, проекти | 50.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 210.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита, доброволно противпожарно друштво и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 20.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација-Секција за млади пожарникари во училиштето | 10.000,оо денари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз - организирање на квиз натпревари | 10.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштето | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД | 10.000,оо денари |
| 7 | За обука и договорни услуги | 5.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 5.000,оо денари |
| 9 | Помош на изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 2.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности - школа за млади пожарникари | 30.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди | 10.000,оо денари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица – учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,оо денари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 2.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината | 4.000.оо денари |
| 15 | Тактичко - показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | 50.000,ооо денари |
| | ВКУПНО 1-15 | 210.000,оо денари |
| | | |

**4. Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината**

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Доброволното противпожарно друштво, Секциите за млади пожарникари во училиштето во општина Пехчево, освен со финансииски средства, Советот на општина Пехчево и градоначалникот на општината ќе ги помагаат и стимулираат со:
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

**5. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на општина Пехчево и одделението за локален економски развој.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Пехчево ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности.

Висината на финансиските средства се минорни во буџетот на општината, а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина.

Бр.01-1429/1<br>
29.11.2024 година<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/8 Општина Пехчево
29.11.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002, 202/24), член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 30 став 1 алинеја 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево бр.02-447/5 од 20.11.2024 година, усвоен од Управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1430/1 Совет на општина Пехчево
29.11.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
Детска градинка „7 Септември"
бр. 02-447/5
20.11.2024 год.

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20), член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на Р. Северена Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22), и член 29 став 9 од Статутот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „7 Септември" –Пехчево, Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „7 Септември" –Пехчево на ден 20.11.2024 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември" –Пехчево**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември" –Пехчево, бр.01-213/1 од 11.06.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември" –Пехчево, бр.01-52/1 од 23.02.2021 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември" – Пехчево и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „7 Септември" –Пехчево, бр.01-486/1 од 01.11.2022 година.

Член 2

Во членот 4 зборовите „вкупно 18 работни места на кои се распоредени вкупно 34 извршители" се заменуваат со зборовите „вкупно 17 работни места на кои се распоредени вкупно 34 извршители".

Член 3

Во членот 18 зборовите „вкупно 5 работни места во воспитно-згрижувачката служба со вкупно 20 извршители " се заменуваат со зборовите „ вкупно 4 работни места во воспитно-згрижувачката служба со вкупно 20 извршители ".

Член 4

Во членот 20 став 1 алинеја 1 „- ниво Д3 неговател / помошно стручен работник 9“ се заменува со зборовите_- ниво Д3 неговател / помошно стручен работник 10, додека алинеја 2 -ниво Д4 приправник 1, „се брише“.

Член 5

Во делот Табеларен приказ на работните места,во работното место со реден број 13 со шифра на работно место ДЕЗ 03 03 Д03 001 и назив на работно место Неговател-помошно стручен работник, „бројот на извршители 9“ се заменува со „бројот на извршители 10“.

Член 6

Во делот Табеларен приказ на работните места, работното место со реден број 14 со шифра на работно место ДЕЗ 03 03 Д04 001 и назив на работно место Приправник-Неговател „се брише“.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Управниот одбор на ЈОУДГ „7 Септември“-Пехчево, а ќе се применува по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево, Министерството за јавна администрација и Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Бр. 02-447/5

Претседател на Управен одбор

**ПРИЛОГ:**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

| Р. бр. | шифра | Звање и/или назив на р.м. | Број на систем. извршители | Број на пополнети. р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Админ. Сл. | Дават. на услуги | Пом. Тех. пе |
| 1 | ДЕЗ 0102 В03 002 | Соработник сметководител | 1 | 1 | | |
| 1-а | ДЕЗ 0102 В01 002 | Советник-Сметководител | 1 | | | |
| 2 | ДЕЗ 0102 Г03 009 | Референт архивар | 1 | 1 | | |
| 2-а | ДЕЗ 0102 Г01 009 | Самостоен референт-Архивар | 1 | | | |
| 3 | ДЕЗ 0401 А01 001 | Хаусмајстор | 1 | | | 1 |
| 4 | ДЕЗ 0405 А01 002 | Магационер | 1 | | | 1 |
| 5 | ДЕЗ 0404 А02 001 | Готвач | 1 | | | 1 |
| 5-а | ДЕЗ 0404 А03 001 | Помошник готвач | 1 | | | 1 |
| 6 | ДЕЗ 0404 А04 001 | Садомијач/серверка | 1 | | | |
| 7 | ДЕЗ 0401 А01 004 | Хигиеничар | 2 | | | 2 |
| 8 | ДЕЗ 0303 Б03 002 | Стручен работник - Дипломиран психолог | 1 | | 1 | |
| 9 | ДЕЗ 0303 Г03 001 | Стручен соработник - Музички педагог | 1 | | 1 | |
| 10 | ДЕЗ 0303 Г03 004 | Стручен соработник -Дипломиран професор по странски јазик и книжевност | 1 | | 1 | |
| 11 | ДЕЗ 0303 В03 001 | Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст | 8 | | 7 | |
| 11 - а | ДЕЗ 0303 В02 001 | Ментор-Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст | 1 | | | |
| 12 | ДЕЗ 0303 В04 001 | Приправник-Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст | 1 | | | |
| 13 | ДЕЗ 0303 Д03 001 | Негувател-помошно стручен работник | 10 | | 9 | |
| | | ВКУПНО: | 34 | 2 | 19 | 6 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на користење недвижна ствар - канцеларија во Туристичко информативен центар - Пехчево, на Локален младински совет Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење недвижна ствар - канцеларија во Туристичко информативен центар - Пехчево, на Локален младински совет Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/9 Општина Пехчево
29.11.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02, 202/24) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на користење недвижна ствар - канцеларија во Туристичко информативен центар, на Локален младински совет - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава на користење недвижна ствар - канцеларија во Туристичко информативен центар на ул. ,,Равен,, КП 1083, КО Пехчево, на Локален младински совет Пехчево.

**Член 2**

Недвижната ствар се дава на користење без надомест, се до денот на распишувањето на Локални избори 2025 година.

**Член 3**

Се задолжува ЛМС Пехчево, домаќински да се грижи за просториите во наведениот период.

**Член 4**

По распишување на Локалните избори 2025 година, ЛМС Пехчево е должно веднаш да ги испразни просториите.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1431/1 Совет на општина Пехчево
29.11.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за прифаќање на донација (две маси за играње на пинг-понг) од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на донација (две маси за играње на пинг-понг) од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/10
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002, 202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), а во врска со член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (Сл.Весник на РМ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација (две маси за играње на пинг-понг) од Фондацијта за развој на локалната заедница - Штип**

Член 1

Советот на општина Пехчево ја прифаќа донацијата (две маси за играње на пинг-понг) дадена од Фондацијта за развој на локалната заедница - Штип, во износ од 37.288 денари.

Член 2

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Член 3

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на општина Пехчево, како примател на донацијата и Фондацијта за развој на локалната заедница - Штип, како донатор, во рок од осум (8) дена од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

Член 5

Одлуката стапува на сила осум дена од донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1432/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/11
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Согласно член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник на Р.М. 66/2004; 139/2008 и 99/2009) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. 5/2002, 202/24), Советот на општина Пехчево на ден 29.11.2024 донесе:

**ПРОГРАМА**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Пехчево за 2025 година**

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник на Р М. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16) и член 22 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. 5/02). Целта на оваа програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина Пехчево.

За заштита на населението од заразни болести во 2025 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

- Обезбедување на безбедна вода за пиење;
- Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на животната средина од загадување;
- Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини и
- Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на квалитетот**

Водата има приоритет во обезбедувањето на основни услови за живот. Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2025 година примарната грижа на Општина Пехчево ке биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини

на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

### 1.1. Водоснабдување од градскиот водовод Пехчево

Согласно Одлуката за комунален ред, организираното водоснабдување на населението во Пехчево, Чифлик, Умлена, Робово и Негрево го врши ЈКП “Комуналец” - Пехчево, преку градскиот водовод - Пехчево.

За таа цел во 2025 година ЈКП “Комуналец” - Пехчево ќе настојува да ги спроведе следните активности:

- заштита на “Пехчевска Река” од можни загадувања;
- целосна преработка на суровата вода до вода за пиење;
- подобрување на мрежната инфрастриктура;
- воведување на „скада систем“ за контрола на протокот на водата и откривање на дефекти во мрежата и нелегални приклучоци
- имплементација на ХАЦЦП системот за контрола на безбедноста на водата;
- редовен мониторинг на водата од градскиот водовод и локалните селски водоводи и информирање на корисниците за квалитетот на водата.

Основниот мониторинг и информирањето на корисниците за квалитетот на водата ќе го спроведува територијално надлежниот Центар за јавно здравје Кочани. Основниот мониторинг ќе се спроведува еднаш на 2 недели на 3 примероци вода, и тоа: по еден примерок од сурова и два примерока пречистена вода од водоводната мрежа.

Периодичните анализи ќе се вршат најмалку еднаш годишно, во Институт за јавно здравје Скопје.

### 1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Општина Пехчево, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, четири пати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата: Негрево, Црник и Панчарево.

Во секој резултат стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање на објектите за вода, формирање на заштитни зони и превземање на други заштитни мерки или предупредување за користење на водата со претходно проврување.

На крајот од годината се изготвува годишна информација за состојбата со водоснабдувањето и процена на ризик.

### 2. Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води

Организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши ЈКП “Комуналец” - Пехчево, во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на општина Пехчево.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во депонијата.

Член 113 од Законот за води (Сл. весник на РМ 87/2008) и Директивата 91/271/ЕЕС ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води што произлегуваат од нивното подрачје.

Претпристапните фондови на ЕУ обезбедуваат средства за еколошки проекти даваат можност Општина Пехчево да проектира и изгради канализација во селата: Негрево, и Панчареово и пречистителна станица за отпадните води, како значаен услов, одржлив развој и промовирање на општината како еколошко подрачје.

**3. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообраќај, канализации, депонии и друго.

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. весник 66/2004 - член 39 и член 43) овластени да вршат ДДД на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје и други правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со закон.

**3.1. Превентивна дезинфекција**

Превентивната дезинфекција во предучилишните и училишни установи ќе се врши пред почетокот на школската година и пред почетокот на второто полугодие. Дезинфекцијата на градскиот пазар ќе се врши во летниот и есенскиот период.

**3.2. Превентивна дезинсекција**

3.2.1. Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на НАССР мерките на претпазливост.

3.2.2. Како превентивна мерка за спречување на ширењето на западно нилска треска кое е сериозно заразно заболување, како и за заштита од пренесување на маларија и сведување на толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците се предлага да се спроведат најмалку 2 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот од мај до август, со опфат од по 50 хектари, во населените места на општината. Доколку постои интерес може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

**3.3. Превентивна дератизација**

Општина Пехчево еднаш годишно ќе спроведе општа дератизација во неселените места и нивната околина (согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести).

3.3.1. Во спроведувањето на општа дератизација ке се опфатат градската канализација и депонијата за комунален отпад. Шахтите на канализации ќе се третираат 120 канализациони шахти (120 во Пехчево) со по 300 грама кумарински препарат (150 гр. кумарински блокови и 150 гр пелети). Во соработка со претставник на ЈКП „Комуналец“ Пехчево, се планира да се постават 50 кг. кумарински препарати, и тоа 45 кг во канализацијата на градот и 5 кг. кумарински блокови за Депонијата за комунален цврст отпад. Средствата за ова намена ке ги обезбеди Општина Пехчево.

3.3.2. Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

**4. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

Финансирање на Програмата од Буџетот на општина Пехчево

1. Следење на безбедноста на водите за пиење од селските водоводи = 24.000

- (12 Хемиски и бактериолошки анализи х 2000 ден = 24.000 ден.)

2. Уништување на комарци
Две теристички третирања на комарци во населени места = 60.000 ден.
3. Општа дератизација на канализациите и депонијата = 30.000 ден.

- (45 кг препарат за канализации и 5 кг. за депонијата = 50 кг х 600 ден = 30.000 ден)

| Вид на активности | Цена |
|---|---|
| Води за пиење | 24. 000 |
| Уништување на комарци во населени места | 60. 000 |
| Дератизација на канализации и депонија | 30. 000 |
| ВКУПНО | 114. 000 |

Доколку се направи и авиодезинсекција која е 165.000,00 денари, целокупната програма за општината ќе изнесува 279.000,00ден.

Изработил: Светлана Стамболиска, Општински комунален инспектор

Бр.01-1433/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавна чистота**
**во општина Пехчево, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/12 Општина Пехчево
29.11.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 12, став 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 30 точка 14 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево“ бр. 03/2021) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавна чистота во**
**општина Пехчево за 2025 година**

I. Општи одредби
Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Пехчево за 2025 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, динамика, начин на вршење на работите, одржување на постоечките и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите од Законот на јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување. Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на општината ќе го врши ЈКП„Комуналец„ Пехчево.

**1.Општи одредби**

II. Вид, обем, динамика и начин на извршување на работите

- Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини секој работен ден ќе се врши на:

\- градскиот плоштад „Свети Петар и Павле„ и улиците и тротоарите во централното градско подрачје.

- Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини еднаш неделно ќе се врши на:

\- булевар „Равен„ , ул.„Јулија Веселинска“, ул.„Индустриска“ до раскрсницата пред Полициската станица и влезот на колективните згради бр. 6 и бр.47 на ул. „Равен;

\- кејот на реката Писа (кејското шеталиште во градско подрачје од мостот на ул. „18 август “до китанскиот мост ;

\- градското пазариште – (понеделник попладне);

\- отворениот простор пред зградата на Стопанска банка, поштата и општината ;

- Одржување на јавната чистота со метење, косење, собирање на откосената трева, кастрење на гранки во парковите и на јавни површини континуирано ќе се врши на:

\- останатите улици и тротоари во Пехчево ;

\- парковите и зеленилото по тротоарите на сите улици во Пехчево и тоа: на патот Берово – Пехчево веднаш после бензинската пумапа на „Макпетрол„ паркот под патот кај триаголникот, зеленилото на влезот во Пехчево над патот кај триаголникот , паркот на влезот покрај булеварот „Равен“ и уличните тревници на булеварот, зеленилото помеѓу ул. „Гоце Делчев„ и ул. „Илинденска„ , зелената површина кај ЈЗУ Здравен дом „Иван Георгиев„„ зеленилото над градскиот пазар; пред маркетот на „КИТ – ГО„ во Пехчево, тревниците на плоштадот, тревникот пред црквата „Свети Петар и Павле „– континуирано.

- одржување на јавна чистота на паркингот на ул.„7ми септември“, скалилата што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалиштето пред плоштадот .
- градските гробишта ;
- паркот „Езерце„ ;
- сите тротоарски тревници во Пехчево;
- туристичкиот локалитет „Равна Река„ - Пехчево .

ЈПК „Комуналец„ е должен да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови на улиците во Пехчево и главните улици по селските населби.

Чистењето на јавните и сообраќајните површини ќе се извршува преку ден.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во центарот со миење, во летниот период ќе се врши еден ден во неделата, а во зимскиот период, по потреба.

Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно во летниот период, а во зимскиот период по потреба.

Во останатите делови од градот, јавните површини ќе се мијат по потреба.

Миењето на јавни и сообраќајни површини ќе се извршува ноќе или во часовите кога фрекфенцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална (од 16,30 до 18 часот и од 04 до 06 часот).

III. Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли

За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се постават нови садови – контењери за собирање на отпад, кои треба редовно (континуирано) да се празнат. Одржувањето на јавните санитарни јазли во близина на градското пазариште е во надлежност на ЈКП“Комуналец„.

Со програмата се планира да се изградат нови санитарни јазли на градскиот пазар во Пехчево.

IV.Финансиски средства

Висината на финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Пехчево, изнесуваат зависно од извршената работа, приближно 1.200. 000,00

денари.  Дел од средствата за одржување на јавна чистота предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместокот што се плаќа за одржување на јавната чистота во централното градско подрачје  во Пехчево (420.000,оо денари).

V. Надзор над извршувањето на Програмата

Надзор над спроведувањето на  Законот за јавна чистота и прописот – „Програмата за одржување на јавна чистота во општина Пехчево,,  донесена врз основа на овој закон, врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на комуналните работи.

Инспекцискиот надзор го врши општинскиот комунален инспектор.

VI .Завршни одредби

Програмата за одржување на јавна чистота на општина Пехчево за 2025 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина  Пехчево".

Иработил: Општински комунален  инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.01-1434/1<br>29.11.2024 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/13 — Општина Пехчево
29.11.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002, 202/24), и член 30 став 1 точка 15 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево" бр. 03/2021), на предлог на Градоначалникот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 29.11.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А - Ј7**
**за одржување на јавно зеленило**
**на подрачјето на општина Пехчево за 2025 година**

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на општина Пехчево за 2025 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитните подрачја и спортско рекреативните центри и уредување на нови зелени површини, како и начинот на нивно финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларни прегледи, опфатени со Годишната програма за работа на извршителот на програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкција на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

**Организација на одржување на јавното зеленило**

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардите и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на градот Пехчево и одржување на јавно зеленило во вонградски појас.
- Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Пехчево се врши постојано.

**1. Парковски зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен интерес се:**

- на влезот на Пехчево кај триаголникот после бензинската пумпа на ,,Макпетрол,, под

патот............2200 м$^2$

- на влезот на Пехчево кај триаголникот после бензинската пумпа на „Макпетрол„ над патот............1000 м$^2$
- парк пред Општинската зграда на Пехчево и зградата на „Партизан„.............................................................................................................200 м$^2$
- зелените површини спроти раскрсницата на булеварот„Равен„ со ул.„Индустриска ........................................................................................................ 700 м$^2$
- зелените површини спроти раскрсницата на булеварот„Равен„ со ул. „Илинденска ............................................................................................................................570 м$^2$
- плоштад „ Свети Петар и Павле„...........................................................................100 м$^2$
- паркова зелена површина до здравен дом „д-р Иван Ѓорѓиев„ Пехчево ........................................................................................................ 2 500 м$^2$
- паркова зелена површина пред црквата „Свети Петар и Павле„.........................120 м$^2$
- паркова зелена површина пред Стопанска банка, „Пешан„ и Пошта................ 190м$^2$ +50 м$^2$ +75 м$^2$
- паркова зелена површина помеѓу ООУ „Ванчо Китановски„ и ОЈУД „7септември„ ............................................................................................................. 1200м$^2$
- парк „Езерце„ .............................................................................................. 5500м$^2$
- паркова зелена површина над гратското пазариште ............................................1300 м$^2$ +350м$^2$
- зеленило по останатите улици во Пехчево..........................................................2600 м$^2$

**ВКУПНО** .............................................................................................................**19.655 м$^2$**

**2. Други зелени површини**

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- Туристичко - рекреативен центар„Равна Река„ .................................................... 6200м$^2$
- Зелен појас од Пехчево до туристичкиот локалитет „Равна Река од двете страни на патот .......................................................................................................................... 12000 м$^2$
- Зелена површина околу археолошкиот локалитет „Света Петка„ ........................ 1100 м$^2$

**ВКУПНО**.............................................................................................. **19.300** м$^2$

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

| Ред. број | Вид операција | Единица мера | Количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | м$^2$ | 38955 | 9 |
| 2 | Припрема на цветни површини | м$^2$ | 30 | 2 |
| 3 | Садење на сезонски цвеќиња | бр. | 3000 | 2 |
| 4 | Прскање со инсектициди на сезонско | бр. | 500 | 2 |
| 5 | Окопување на грмушки | бр. | 20 | 1 |
| 6 | Кроење на дрвореди, оформување на крошни и украсни грмушки и нивно негување | 6р. | 70 | 2 |
| 7 | Окопување на цвеќиња (ружи) | 6р. | 30 | 2 |
| 8 | Кроење на цвеќиња (ружи) | 6р. | 30 | 1 |
| 9 | Чистење на зел. површини од листови и др. | м$^2$ | 10.000 | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Залевање на зелени површини | $м^2$ | 9.000 | 60 |
| 11 | Прихрана со вештачки ѓубрива | кг. | 5 | 1 |
| 12 | Расад за сезонско цвеќе | бр. | 3000 | 3 |
| 13 | Вода потрошена за залевање | $м^3$ | 1300 | 80 |
| 14 | Одржување на дрвореди | бр. | 50 | 2 |
| 15 | Отстранување и сечење на дотраени стебла | по потреба | по потреба | по потреба |

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ОПЕРАЦИИ-КАЛЕНДАРСКИ

| ред-бр. | Работни операции по месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Вкупно опер. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | 10 |
| 2 | Собирање на искосена трева | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | 10 |
| 3 | Припрема за цветни површини | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | 3 |
| 4 | Садење на сезонски цвеќиња | | | | | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| 5 | Прскање на сезонско цвеќе со инсектицид | | | | | | 1 | | 1 | | | | | 2 |
| 6 | Окопување на грмушки | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 7 | Кроење на дрвореди оформување на крошни со украсни грмушки и нивно негување | | | | 1 | | | | | | 1 | | | 2 |
| 8 | Окопување на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 9 | Кроење на цвеќиња (ружи) | | | | 1 | | | | | | 1 | | | 2 |
| 10 | Чистење на зелени површини од листови идр. | | | | 1 | | | | | | 2 | 2 | | 5 |
| 11 | Залевање на зелени површини | | | | | 10 | 10 | 20 | 20 | 20 | | | | 80 |

**ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

ЈКП „Комуналец" - Пехчево изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастерски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

## НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Инспекциски надзор согласно Одлуката за комунален ред врши општинскиот комунален инспектор.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Пехчево, Програма каде што се предвидени средства во висина од 500.000,00 денари,

Делот за подигање и реконстуирање на јавни зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година.

Цените за работите околу одржувањето, подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈКП „Комуналец" - Пехчево се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пехчево".

Изработил: Општински комунален инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.01-1435/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/14 Општина Пехчево
29.11.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 5, став 15 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 302/20) и член 159 од Одлуката за комунален ред на општина Пехчево бр. 07-1717/1 од 22.10.2013 год., Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња за 2025 година**

Со оваа Програма за други комунални услуги, се планира да се утврди обемот на активностите за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, се предвидуваат работи и работни задачи, активности за извршување, динамика, услови, организација и реализација на предвидената програма, како и предвидените средства за работа и начинот на финансирање.

Поточно, Програмата подразбира контрола на популацијата на бездомните кучиња што првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните -кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. „Залови – стерилизирај - вакцинирај – врати“ е востановена како еднинствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација. Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. На

територијата на општина Пехчево во моментот 200 сопственици на кучиња имаат регистрирано околу 550- кучиња, 600 а 150-200 од нив се не' вакцинирани.
Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици, мора да се исполнува.

Планирани активности

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување - чипирање и регистрација на кучињата од страна на сопствениците, едукација на имателите на кучиња и казнување за неодговорните сопственици).

Програмата за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето на Општина Пехчево е заснована на нивна перманентна контрола на подрачјето на целиот град и пошироко и ги предвидува следните активности:

Со цел за разрешување на проблемот со кучињата скитници во општина Пехчево превземени се одредени активности од страна на Локалната самоуправа. За тековно и нормално функционирање на програмата и за третирање на кучињата скитници и нивен медицински третман општината спроведе оглас за заловување, прифаќање и третирање на кучињата скитници и други нерегистрирани кучиња во општина Пехчево со спроведување на постапка - набавка од мала вредност, со електронска аукција изберена е понудата од економскиот оператор Друштво за услуги Ветеринарна станица ДООЕЛ Виница, со кој се склучи договор. Во понудата се одредени активностите и финансиските средства за реализација на програмата. Во понудата се одредени активностите и финансиските средства за реализација на програмата. Техничката понуда на економскиот оператор се состои од два дела, каде за секоја ставка има дадено поединечна цена:

1. Стручен третман:
- безболно заловување на кучиња(со фотографирање) и нивен транспорт до прифаталиште, враќање во реон;
- лабараториско испитување на Лајшманиоза;
- стерилизација на кучиња женки;
- кастрација на машки кучиња;
- идентификација и регистрација со микрочипови и ушни маркички со изработка на досие;
- вакцинација против беснило и антипаразитски третман;
- престој во прифаталиште по куче од ден;

2. Еутаназија
- заловување на животните и нивен транспорт до прифаталиште, транспорт до депонија;

Средствата се предвидуваат во програмата за комунални дејности, ставка Ј8 во буџетот на општина Пехчево.

Фактичката вредност на извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и избраната фирма согласно единичните цени кои се дадени во Понудата на избраната фирма и бројот на кучињата кои се третирани.

Составен дел на Програмата за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2025 година е и Планот за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналните редари.

Согласно истата се планира на секое тромесечје да се врши заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на оштина Пехчево, согласно спроведената постапка и обезбедените средства од буџетот на општината.

План за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналниот инспектор и комуналните редари во општина Пехчево

| Ред. број | Период(месеци) | Активност | Единица мера | количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | февруари, март | Заловување на територијата околу депонијата, околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево и други улици, централното градско подрачје, пазарот, булеварот и раскрсниците во Пехчево и други места. | бр. | 8 | 1 |
| 2 | април, мај, јуни | Заловување на територијата околу депонијата, околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево и други улици, централното градско подрачје, пазарот, булеварот и раскрсниците во Пехчево и други места. | бр. | 6 | 1 |
| 3 | јули, август, септември | Заловување на територијата околу депонијата, околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево и други улици, централното градско подрачје, пазарот, булеварот и раскрсниците во Пехчево и други места. | бр. | 6 | 1 |
| 4 | октомври, ноември, декември | Заловување на територијата околу депонијата, околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево и други улици, централното градско подрачје, пазарот, булеварот и раскрсниците во Пехчево и други места. | бр. | 10 | 1 |

Изработил: Светлана Стамболиска - Општински комунален инспектор

Бр.01-1436/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за управување со отпад на општина Пехчево, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за управување со отпад на општина Пехчево, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/15
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

## Годишна програма за управување со отпад на ОПШТИНА ПЕХЧЕВО, за 2025 година

Програмата за управување со отпад за 2025 година претставува плански документ за управување со отпад, изработена согласно законските и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за управување со отпад.

Програмата го определува и планира начинот, обемот и динамиката на собирањето, транспортирањето и депонирањето на отпадот, третман и складирање на отпадот, надзорот над овие операции како и мерките за заштита на животна средина, животот и здравјето на луѓето.

При дефинирање на активностите кои се планираат да се превземат во 2025 година, најтешкиот елемент е да се издвојат приоритетите и да се прилагодат на реалните можности на општината. Треба да се напомене дека тековните суб-стандардни услови и пракса во управувањето со отпадот се голема пречка во приближувањето кон европските директиви од оваа област, како и задоволување на барањата на законските регулативи.

Програмата за 2025 година е организирана согласно претходно дефинирани плански цели и акции и истата претставува имплементациона програма за реализација на планот, со чија реализација се очекува значајно подобрување на управувањето со отпадот на крајот од планскиот период. Програмата за управување со отпадот во општина Пехчево е изработена согласно членот 19 од Законот за управување со отпад.

Планска цел бр.1

**Воведување на организиран систем со наплата за собирање и транспорт на отпад од територијата на Општина Пехчево**

Основен услов за соодветно управување на комуналниот цврст отпад е целосната покриеност на територијата и населението во општина Пехчево со услугата за собирање, транспорт и депонирање на овој вид отпад. Поради тоа како главен приоритет за општина Пехчево е дефинирана оваа цел. Опфатеноста на населението со услугата за собирање и наплата на отпадот изнесува приближно 90% од вкупното население на Општина Пехчево од страна на ЈКП,,Комуналец,, Пехчево.
Дефинирана акција за 2025 година е да се постигне целосна покриеност на населението со наплата за собирање и транспортирање на отпадот на Општина Пехчево.

Планска цел бр.2

**Подобрување на управување со општинската депонија**

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува ниту најелементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така е далеку од задоволување на било какви стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад.

**Општина Пехчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот**

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел е изработената физибилити студија за регионално управување со отпад за источниот и североисточниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад на РСМ и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ, а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на РСМ.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во источниот и североисточниот плански регион, се спроведени два проекти:

- Набавена е опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион (добиен е камион марка IVEKO, носивост 3 тона од овој проект, и набавени се 60 контејнери) и изготвена е техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чиишто депонии би биле веднаш затворени.Определените диви депонии на територијата на општина Пехчево предложени за чистење, се исчистени и покриени со хумус.

Втора фаза: Комплетно затворање на оперативните депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

Предвидено е да почне да функционира регионалната депонија во Свети Николе, па одлагањето на комуналниот отпад да продолжи на таа локација.

Се планира претоварната станица да биде во село Смојмирово.

Планска цел бр.3

**Соодветен третмат на биоразградливиот отпад**

Во наредниот период се предвидува спроведување на кампања кај населението за компостирање на отпадот и искористување на компосот.

**Планирани активности за 2025 година и следење на индикаторите**

| Дефинирана цел | Планирани акции за 2025 | Активности | Можни извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Општина Пехчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | Учество во донесување на одлуки | Средства од ЕУ и сопствен буџет | Уредена депонија по сите стандарди |
| Подигнување на јавната свест | Кампања за воведување на услугата за подигнување, транспорт и депонирање на отпадот. | Припрема на кампањата<br>___<br>Спроведување на кампањата | Програма на МЖСПП, ЈКП - ,,Комуналец,, Буџет на општината, донатори | Спроведена кампања |
| Кампања кај населението за компостирање на отпадот и искористување на компосот | Изработка на студија за техничко решение на ниво на општина<br><br>Едукација на населението | Подготовка на проектна задача и тендерска документација<br>___<br>Прибирање понуди и избор на изготвувач на студијата<br>___<br>Изработка на студијата | Програма на МЖСПП, ЈКП - ,,Комуналец,, Буџет на општината, донатори | Изработена студија<br><br>Спроведена кампања |

Изработил: Општински комунален инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.01-1437/1 Совет на општина Пехчево
29.11.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за работа на општински комунален инспектор, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за работа на општински комунален инспектор, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/16 | Општина Пехчево
29.11.2024 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## НА КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2025 год

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2025 година се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примена на следните законски прописи:

- Закон за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20)
- Закон за јавна чистота (“Службен весник на РМ„ бр.130/10 пречистен текст, 23/11, 53/11, 80/12 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21)
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21)
- Закон за урбано зеленило (“Службен весник на РМ„ бр.11/18, 42/20 и 224/24)
- Закон за гробишта и погребални услуги (“Службен весник на РМ„ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/131,52/15 и 31/16)
- Закон за управување со пакување и отпад од пакувањето (“Службен весник на РМ„бр.161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/5, 39/16 и 215/21)
- Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на РСМ„ бр.102/2019)
- Закон за општата управна постапка (“Службен весник на РМ „бр.124/15)
- Закон за прекршоци (“Службен весник на РСМ „бр.96/19 и 253/23)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Надлежност:

Инспекторот врши инспекциски надзор над примената на овие закони и прописите донесени врз основа на овие закони на јавни површини и на отворените простори на јавни објекти, на даватели на услуги кои се од јавен интерес од локално значење на општината Пехчево, согласно со закон.

Согласно законската регулатива која е погоре наведена за работа на општинскиот комунален инспектор на општина Пехчево за 2025 год. инспекцискиот надзор ќе се извршува на:

1. Одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини како и чистење снег во зимски услови согласно со Годишната програма за одржување на јавна чистота на давателот на услуга);
2. Расчистување на снег пред деловните објекти, пред индвидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
3. Одржување и поставување на урбана опрема и други подвижни и не подвижни ствари;
4. Одржување на јавно зеленило и паркови согласно годишната програма за одржување на јавно зеленило и паркови површини (на давател на услуга ЈКП Комуналец - Пехчево);
5. Одржување на јавни површини на отворени простори согласно со годишната програма за одржување на јавна чистота (правни и физички лица);
6. Одржување на јавната чистота на лица кои управуваат со јавни објекти (правни и физички лица);
7. Одржување на градскиот кеј на Писа - Пехчевска Река;
8. Испуштање на отпадни води (правни и физички лица);
9. Надзор над извршување на годишната програмата за контрола на популацијата за бездомни кучиња на територија на општина Пехчево;
10. Управување и одржување на градските гробишта на давателот на услуга ЈКП Комуналец - Пехчево;
11. Вршење на погребални услуги на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
12. Одржување на јавниот простор за паркирање;
13. Одржување на Градски пазар од страна на ЈКП Комуналец - Пехчево како давател на услуга;
14. Инспекциски надзор на правни и физички лица како корисници на комунални услуги;
15. Инспекциски надзор на неконтролирано оставање, фрлање, напуштање и спалување на отпадот;
16. Соголување и засекување на стебла на дрва;
17. Откривање и оштетување на корења на дрва и садници;
18. Истурање нечиста вода и други течности на зеленилото кои го загадуваат и оштетуваат зеленилото;

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на општинскиот комунален инспектор, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти, цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Исто така, општинскиот комунален инспектор ќе продолжи и со активностите за предлагање на измени и дополнувања на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сè со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Пехчево.

За спроведување на оваа Програма врз основа на Законот за комунални дејности, Законот за јавната чистота, подзаконските акти и прописите донесени врз основа на овие закони (Одлуката за јавна чистота), надзор врши општинскиот комунален инспектор во координација со комуналните редари.

**Оперативен план за работа на општински комунален инспектор**

При утврдување на содржината на Годишната програма за работа на општинскиот комунален инспектор, се планираат следните активности: редовни инспекциски надзори, контролни и вонредни (по барања, пријави и преставки).

| Реден број | АКТИВНОСТ/ПРОЕКТ | ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА | БРОЈ НА ПРЕДВИДЕНИ НАДЗОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (месец) | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА | РИЗИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовен инспекциски надзор | Превентива, контрола и санкционирање | 1 | Јануари (01.01-31.01) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | ВИСОК |
| 2 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Февруари (01.02-28.01) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | ВИСОК |
| 3 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Март (01.03-31.03) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |
| 4 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Април (01.04-30.04) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | ВИСОК |
| 5 | Редовен инспекциски надзор | | 2 | Мај (01.05-31.05) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 4 | | | ВИСОК |
| 6 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Јуни (01.06-30.06) | Општински комунален инспектор | СРЕДЕН |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 4 | | | ВИСОК |
| 7 | Редовен инспекциски надзор | Превентива, контрола | 1 | Јули (01.07-31.07) | Општински комунален | СРЕДЕН |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вонреден инспекциски надзор | и санкционирање | 3 | | инспектор | висок |
| 8 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Август (01.08-31.08) | Општински комунален инспектор | среден |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | висок |
| 9 | Редовен инспекциски надзор | | 2 | Септември (01.09-30.09) | Општински комунален инспектор | среден |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | висок |
| 10 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Октомври (01.10-31.10) | Општински комунален инспектор | среден |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 5 | | | висок |
| 11 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Ноември (01.11-30.11) | Општински комунален инспектор | среден |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 2 | | | висок |
| 12 | Редовен инспекциски надзор | | 1 | Декември (01.12-31.12) | Општински комунален инспектор | среден |
| | Вонреден инспекциски надзор | | 3 | | | висок |

Изработил: Општински комунален инспектор, Светлана Стамболиска

Бр.01-1438/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 31-та седница одржана на ден 29.11.2024 година.

Бр. 09-1441/17
29.11.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002, 202/24) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 година бр. 03-82/2 од 21.11.2024 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1439/1
29.11.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Извештај за 2024 год

Јануари:

Изложба Ин Виница Веритас
Изложбата беше отворена од страна на директорката на Дом на култура Благица Стојановска на 22.01.2024 год .Беа изложени 50 карикатури .
Овој фестивал на хумор и сатира во Виница се одржува веке 15 год.и во соработка со другите градови ,изложбата можат да ја видат и други љубители на уметноста.
На отварањето на изложбата имаше претставници од Општина Пехчево,директори и вработени од други институции,наставници ,ученици од ООУ,,Ванчо Китанов “.
Изложбата беше отворена 10 дена ,и беше посетена од многу ученици,и грагани на Општина Пехчево.

Февруари;

Месец на празник Св Трифун ден на овоштарите,лозарите,и Св Валентин Ден на љубовта.
По тој повод ние организиравме 3 дневна работилница во домот на културата ,со ученици од ООУ,,Ванчо Китанов Пехчево.
Првиот ден учествуваа ученици од VIIодд.и изработија разни елементи со лепење и цртање на хартија со разни техники.

На втората работилница учествуваа ученици од Iодд.со нивната наставничка Евица .Тие боеја,сечеа и лепеа разни шаблони и истите ги залепија на една заедничка лента.

На третата работилница учествуваа деца од I до IIIодд со нивната менторка Трајанка Бекарска .

Децата изработуваа и цртаа срциња и грозје ,со разни техники ,квилинг техника ,беа презадоволни од дружењето ,во домот на културата и ветија дека повторно ке бидат наши гости на некоја друга креативна работилница.
Сите изработки од учениците ги залепивме и ги закачивме на сцената да можат да ги видат сите оние кои дојдоа на концертот на 15.02.2024 год.

Концертот се одржа во 17 час Учествуваа 20 деца од Делчево кои свиреа, пееја и танцуваа од танцов клуб Еуритмикс и Масс Академу.
Тие по втор пат учествуваа во нашиот град ,презадоволни од пречекот кај нас ,од публиката .Салата беше полна имаше публика и од Делчево.

Март активности:

Изработки на честитки по повод 8 март , со децата од целодневен престој со наставничката Сузана Андоновска.
Ја посетија и изложбата на графики во домот на културата.Тие се вредни ученици и учествуваат на секоја креативна работилница организирана од наша страна.

Изложба на графики од Панде Петровски од Битола.Гости од Делчево кои ја отворија изложбата :Миле Ѓорѓовски сатиричар,пишувач на афоризми,Методи Толевски програмски директор на Ц.К.Никола Јонков Вапцаров,Христина Деолска сликар,пишува поезија,новинар во пензија.Имаше претставници од сите институции во градот,Општината ,професори и ученици од гимназијата.Изложбата траеше 10 дена.

Втора работилница по повод 8 март денот на жената .Ученици од ООУ„Ванчо Китанов Пехчево изработуваа честитки ,изразувајки ја својата креативност и талент.браво за вредните ученици ,кои чекајки го превозот до својот дом,се пријавија и учествуваат во секоја наша работилница организирана од страна на домот.
Ја посетија и изложбата на графики,од Панде Петровски.

27.03.2024 год по втор пат наша соработничка Антица Јовевска учествуваше со песна Први април на конкурс во Делчево Пијанечки глас во група возрасни и доби пофалница.

Април:

На 12.04.2024 год се одржа детска театарска претстава Цветко и неговата градина.Во соработка со градинката 7 септември со директорката и вработените во градинката беа донесени 50 деца од Пехчево и деца од 4-6 год од селските населби.
Од Основното училиште присуствуваа на театарот околу 40 деца .

Концерт на Танец кој се одржа на 25 април од 19 час.

МАЈ:

Пролетно велигденска работилница со учениците и наставничката од целодневен престој од ООУ„Ванчо Китанов Пехчево.
Изработка на велигденски јајца со декупаж техника салветки и природни материјали.

22.05.2024 год .Изложба на Владимир Георгиевски академски сликар ретроспективна изложба на 20 уметнички дела. Во соработка со музеј на град Скопје изложбата беше презентирана од страна на Јасминка Намичева кустос во музеј Скопје и Фросина Георгиевска керка на академскиот сликар.
Беше одржана работилница со учениците од гимназијата Ацо Русковски од Берово под менторство на Слободан Пандов.
Изчо/бата траеше 10 дена и беше посетена од ученици и грагани на Општина Пехчево,љубители на уметноста.

На 31.05.2024 год се одржаа по 33 пат во организација на дом за деца и млади Благој Мучето од Струмица Републички детски средби 2024 год
.„Дом на култура Јане Сандански ‘’Пехчево во соработка со ООУ„Ванчо Китанов Пехчево учествувавме по трети (3)пат.
Учениците Ива Бакаловска и Хадиса Демирова учествуваа со 10 цртежи и цртање на штафелај .
Беа пофалени од сите ментори по ликовно образованиеза цртање на штафелај и добија 3 награда за цртање цртежи.

Јуни:
04.06.2024 год Театарска претстава,, Бегалка "со ученици од СОУ ,,Методи Митевски Брицо'' од Делчево.
Прекрасна изведба на учениците ,доделени благодарници од страна на директорката на домот,соработка со менторката Елена Ѓеоргиевска ,и договарање за други настани .Претставата беше посетена од околу 40 посетители,љубители на културни настани.

12.06.2024 год.се одржа втора  самостојна изложба на Фимка Капушевска во  дом на култура,,Тошо Арсов "во Виница .Изложбата се состоеше од 30 дела ,пропратена со музочка точка од страна на ученици од Виница .Публиката беше воодушевена од сликите ,Фимка доби пофални зборови за нејзиниот труд,за нејзината презентација на сликите.
Соработката со домот на културата од Виница продолжува и понатаму ,со разни активности од наша и нивна страна,се со цел развивање ,промоција на културата.
Покажавме дека не само младите ,туку и возрасните знаат да го негуваат талентот ,слободното време да го користат во цртање,творење ,а ние како институции сме тула да ги пронаогаме и да реализираме настан во кој се промовира културата.

Јули:
11.07.2024 год.(четврток) се одржа детска театарска претстава Разгалениот принц.
Интерактивна театарска претстава која изобилува со многу едукативни и педагошки елементи кои се од особено значење за децата.
Театарот беше организиран од страна на домот на културата по повод празниците Петровден и Павловден .Во преполна сала можеа да се видат детските весели лица задоволни од самата претстава.

На 13 јули сабота по повод празникот Павловден  со свечено отварање на етно саемот и фестивалот ,пред домот на културата беа изложени слики од страна на Фимка Капушевска наша сограганка која неколку години црта и слободните пензионерски денови ги поминува во творење на платно со акрилни бои.
Од нејзина страта по повод празникот беа поклонети две слики на деца ,наши редовни соработнички ,за здравје ,срека и љубов.

Август:

Во домот на културата беше отворен кризен штаб,за донирање на вода и прехрамбени производи,поради пожарот кој беше зафатил огромен простор на шума  околу Пехчево,и траеше повеке денови .
Водата се донираше  за пожарникарите ,војската ,полицијата ,и сите оние доброволци од Пехчево и другите градови кои учествуваа во пожарот.

Септември:

По повод 7 септември  80 год .Ослободување на Пехчево ,положивме цвеке од институцијата ,и после свечената седница со обракање на градоначалник и председател на совет,беше отворена правата самостојна изложба на Павел Јовановски од Скопје.
На изложбата вбеа присутни градоначалникот од пехчево ,Берово,председател на совет,советници,професори,ученици и грагани од Пехчево.Берово и Делчево.

14.09.2024 год.
Во рамките на програмските активности предвидени за 2024 год бевме во дом на култура Виница на настан изложување на личните работи и музејките поставки на Тоше Проевски со ученици од Пехчево.

Го посетивме и музејот Теракота каде кустос Благица ни одржа предавање за значењето на музејот за градот Виница и неговото постоење..
Воедно го посетивме и Виничко кале ,каде кустос Благица исцрпно и со големо внимание од страна на учениците им беше презентирано Виничко кале.

Октомври:
24 октомври дом на култура во соработка со ЗГ „Еуритмикс“организира музички настан од 18.30 час. Учествуваа деца од од Делчево кои свиреа и пееја на инструменти.Учествуваа и акапел хор Гергеф под раководство на професор Елена Георгиевска.

29.10.2024 год .организиравме театар за деца од градинката„7 септември’’ и основното училиште„ Ванчо Китанов ‘’Пехчево.

Ноември:
07.11.2024 год .организиравме есенски колаж со наставничката Трајанка Беркарска и нејзините ученици,од ООУ„Ванчо Китанов’’Пехчево.
Учениците изработуваа разни фигури од есенски лисја и ги лепеа на лист од блок.

12.11 2024год. во Пехчево се одржа изложба„ Цвеке’’ од Републички детски средби 2024 год. Струмица ,на кој ние како дом во соработка со ученици и наставници од ООУ„Ванчо Китанов’’Пехчево учествуваме 3 пати ,и оваа година добивме 3 награда .

20.11 .2024 год .по повод светски ден на детето во организација на ОУДК„Јане Сандански’’Пехчево ,во соработка со ООУ„Ванчо Китанов Пехчево со ученици од VI В одд .со наставничката Јулија Велковска бевме во посета на музеј на град Берово.Таму учениците се збогатија со знаење за етнолошките поставки на музејот ,предавање им беше одржано од страна на Васко Андовски вработен како кустос во музеј.

Во месец декември ке организираме некој музички настан по повод престојните празници.

ОУДК„Јане Сандански’’Пехчево
Директор
Валентина Веселинска

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за времен престанок со работа на ПУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево во с.Панчарево, општина Пехчево ____ 3;
2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) ____ 4;
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2024 година ____ 6;
4. Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево ____ 7;
5. Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2025 година ____ 8;
6. Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025-та година ____ 15;
7. Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево ____ 19;
8. Одлука за давање на користење недвижна ствар - канцеларија во Туристичко информативен центар - Пехчево, на Локален младински совет Пехчево ____ 23;
9. Одлука за прифаќање на донација (две маси за играње на пинг-понг) од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип ____ 24;
10. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година ____ 25;
11. Програма за одржување на јавна чистота во општина Пехчево, за 2025 година ____ 29;
12. Програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Пехчево, за 2025 година ____ 32;
13. Програма за третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, за 2025 година ____ 36;
14. Програма за управување со отпад на општина Пехчево, за 2025 година ____ 39;
15. Програма за работа на општински комунален инспектор, за 2025 година ____ 42;
16. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2024 год ____ 46;